# С Т А Т У Т

## Здружение Македонска Асоцијација на психолози и психотерапевти, Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружението Македонска Асоцијација на Психолози и Психотерапевти се основа како независна, самофинансирана, непрофитна и невладина организација со поле на дејствување во областа на психолошката и психотераписката дејност.

**Член 2**

Називот на асоцијацијата е : Македонска Асоцијација на Психолози и Психотерапевти

Латиничниот назив на асоцијацијата ќе гласи: Macedonian Association of Psychologists and Psychotherapists

**Член 3**

Седиштето на асоцијацијата е во Скопје на : Ул.Разловечко Востание бр.4/7-6, Скопје

Асоцијацијата се организира и делува на цела територија на Република Македонија.

**Член 4**

Асоцијацијата на психолози и психотерапевти има својство на правно лице.

Асоцијацијата во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка. За своите обврски, Асоцијацијата одговара со целиот свој имот и средства.

Ацосијацијата во правниот промет ја претставува и застапува Претседателот на асоцијацијата.

**Член 5**

Заради остварување на заедничките цели и интереси, Асоцијацијата може да се здружува со други асоцијации, организации и здруженија од Република Македонија, како и од странство.

**Член 6**

Асоцијацијата има свој печат и штембил.

Печатот има тркалезна форма а во него е впишан и содржи називот на Асоцијацијата : Македонска Асоцијација на Психолози и Психотерапевти

Штембилот на Асоцијацијата е правоаголен и на него е испишан следниот текст :

Македонска Асоцијација на Психолози и Психотерапевти

Број _____________

__________________ година

Скопје

**Член 7**

Работата на Асоцијацијата е јавна.

Јавноста на работењето се обезбедува со редовно известување на полноправните и придружните членови на Асоцијацијата за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работата на органите и телата на Асоцијацијата, за материјално-финансиското работење и друго.

За информирањето на полноправните и придружните членови и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата, социјалните мрежи, електронската пошта и веб страница.

За информирање на полноправните и придружните членови и на пошироката јавност Асоцијацијата може да издава списанија.

**Член 8**

Член во Асоцијацијата може да биде секој дипломиран психолог, студент на психологија, психотерапевт кој има завршено едукација од одреден правец за психотерапија во зависност од времетраењето на едукацијата од конкретната психотераписка школа и психотерапевт под супервизија во завршен степен од едукација кој доброволно ќе пристапи кон Асоцијацијата со давање на писмена изјава и пристапница.

**Член 9**

Членовите на Македонската Асоцијација на Психолози и Психотерапевти може да бидат полноправни или придружни. Полноправните членови имаат право да бидат бирани во телата и органите на асоцијацијата, додека придружните членови може да учествуваат во работата на Асоцијацијата и да придонесуваат во развој и популарноста на Асоцијацијата.

**Член 10**

Дипломираните психолози, психотерапевтите и психотерапевтите под супервизија се полноправни членови, а студентите по психологија и едукантите по психотерапија се придружни членови на Асоцијацијата.

**Член 11**

Зачленувањето во асоцијацијата се врши со пристапница, односно со издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членување во Асоцијацијата задолжително се враќа.

**Член 12**

Македонската Асоцијација на Психолози и Психотерапевти, за своите полноправни и придружни членови води регистар на членство, кој се ажурира еднаш годишно.

**Член 13**

Права и должности на **полноправните членови** на Асоцијацијата се:

-редовно да ја плаќаат членарината;

-Да присуствуваат на состаноците;

-Да избираат и да бидат бирани во органите на Асоцијацијата;

-Да предлагаат решавање на прашања од заеднички интерес;

-Да работат на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;

-Да ги спроведуваат во целост одредбите од Статутот и програмските активности на асоцијацијата;

-Да ги застапуваат интересите и ставовите на Асоцијацијата;

-Да бараат стручна и друга помош од областа на материјата.

**Член 14**

Права и должности на **придружните членови** на Асоцијацијата се:

-Да присуствуваат на состаноците;

-Да предлагаат решавање на прашања од заеднички интерес;

-Да работат на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;

-Да ги застапуваат интересите и ставовите на Асоцијацијата;

-Да бараат стручна и друга помош од областа на материјата.

## ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И ДЕЈНОСТИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА И

## НАЧИН НА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ

**Член 15**

Психолозите и психотерапевтите се здружени во Македонската Асоцијација на психолози и психотерапевти заради остварување на поширок заеднички интерес, а Асоцијацијата ја врши својата активност заради остварување на следните **целі:**

- Да ја претставува и развива психолошката и психотераписката дејност во Р. Македонија и овие две дејности да ги направи препознаени и почитувани;

- Да им помага на психолозите и психотерапевтите во усовршувањето на нивната професија;

- Ширење на знаењата од областа на психологијата и психотерапијта во Р.Македонија;

**Член 16**

**- Дејности на асоцијацијата се:**

-Донесување решение за прием на психолози кои се бават со сите гранки и подрачја од психологијата како наука и прием на психотерапевти кои ги опфаќаат: психолози, педагози, родови студии, антрополози, професори по филозофија, социолози, лекари, социјални работници, дефектолози итн. согласно со работата на психотерапискáта дејност;

- Води регистер на Психолозите и Психотерапевтите кои вршат пракса во сите државни и приватни дејности;

- Ги застапува членовите на Асоцијацијата во заштита на нивните професионални права и интереси;

- Организирање програми за стучно усовршување на психолозите и психотерапевтите (семинари, конференции, работилници, конгреси, симпозиуми и др.) и уважување на сертификати од организирани настани од областа на психологијата и психотерапијата;

- Врши увид во спроверување на професионална етика и петте универзални вредности во рамки на советот на мудрост;

- Јавно завземање ставови за психолошки и социолошки, економски, општествено-политички појави начинот на нивна рефлексијата врз менталното здравје на народот преку гласање од страна на Асоцијацијата и завземање на индивидуално изјаснување за опшествено-политички појави во рамки на Асоцијацијата.

**Член 17**

**Членување во Асоцијацијата**

2. Членувањето во Асоцијацијата се врши врз основа на:

-Пристапница, приложување Диплома, Сертификат за завршена едукација од обласста на психотерапијата и програма од едукацијата за психотерапија за полноправни членови, и со индекс или фотокопија од индекс за придружните членови.

**Член 18**

**Права на Членовите во Асоцијацијата:**

-Сите членови на Асоцијацијата имаат право на јавна слобода на говор во врска со социополитички-општествени појави и случувања;

-Сите членови на Асоцијацијата имаат право да учествуваат во сите активности за остваруввање на задачите на Асоцијацијата;

-Полноправните членовите на Асоцијацијата имаат право да избираат и да бидат избрани во органите и телата на Асоцијацијата;

-Полноправните членови на Асоцијацијата имаат право да покренуваат иницијатива за донесување на: нови закони, измена на закони, предлози по закони и други мерки;

- Сите членови на Асоцијацијата имаат право да да бидат информирани за работата на Асоцијацијата.

-Право на учество во работата имаат сите членови на Асоцијацијата;

-Право на учество во органите имаат полноправните членови на Асоцијацијата;

-Право на учество во работни групи имаат сите членови на Асоцијацијата;

-Сите членови на Асоцијацијата имаат право на помош при барање на работа.

**Член 19**

**Обврски на членовите во Асоцијацијата:**

-Совесно и стручно да ја вршат психолошката и психотерапевстката дејност;

-Редовно да плаќаат чланарина (бесплатно за придружните членови), годишно 1000 денари;

-Да помогнат во барањето на работа на членовите;

-Да ги штити своите членови и нивните права пред други државни органи, државни институции и други организации

**Престанок на членството во Асоцијацијата**

1. Неплаќање чланарина повеќе од една година;

2. По барање на член;

3. Ако го прекрши етичкиот кодекс според универзалните пет вредности на Советот на Мудрост;

**ОРГАНИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА**

**Член 20**

**Органи на асоцијацијата се:**

**СОБРАНИЕ**

**Член 21**

Собранието е највисок орган на Асоцијацијата составено од сите полноправни членови. Претседателот на Собранието се избира од страна на Собранието и тоа со мнозинство гласови од членовите на Собранието. Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 22**

Седниците на Собранието ги свикува и со нив претседава Претседателот на Асоцијацијата кој воедно е и преседател на Собранието.

**Член 23**

Седница на Собранието се свикува по предлог или барање на (најмногу) 1/3 и минумун ⅕ од вкупниот број членови на Собранието.

**Член 24**

Ако Претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог или барање не свика седница, седницата ја свикуваат иницијаторите.

**Член 25**

Седницата на Собранието се свикува со доставување на електронска пошта до членовите на Собранието со назначување на денот, часот, местото и дневниот ред на одржување на седницата. Вонредна седница на Собранието може да се одржи по писмено барање на 1/3 од членовите на Асоцијацијата и таа се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одржување.

**Член 26**

Собранието полноважно одлучува доколку се присутни повеќе од 1/3 од вкупниот број полноправни членови.

**Член 27**

Собранието ги врши следните работи :

-Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните полноправи членови

-Го донесува Статутот на Асоцијацијата, програмата, планот и другите акти и врши измена и дополнување на истите;

-Усвојува план и насоки за работа, усвојува годишен извештај за работа, финансиски извештај и ги објавува на нејзината веб страна;

-Одлучува за промена на целта на Асоцијацијата

-Одлучува за внатрешната организација на Асоцијацијата и организационите форми на органите на асоцијацијата;

-Избира и разрешува членови на органи;

-Усвојува програмска ориентација за работа на Асоцијацијата;

-Го разгледува и усвојува извештајот за работа поднесен од Претседателот на асоцијацијата помеѓу две собранија;

-Одлучува за статусни измени на Асоцијацијата;

-Ја следи материјално-финансиската состојба на Асоцијацијата;

-Одлучува за престанок на Асоцијацијата со 2/3 мнозинство гласови од сите членови на асоцијацијата;

Врши други работи.

**Член 28**

На Собранието се одлучува со јавно гласање, секој полноправен член на Собранието има право на еден глас.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 29**

Собранието на Асоцијацијата со одлука донесена со мнозинство гласови од вкупниот број на полноправни членови на Собранието ги избира Претседателот на Асоцијацијата и Потпретседателот на Асоцијацијата.

**Член 30**

Претстдателот на Асоцијацијата, а во негово отсуство Потпретседателот на Асоцијацијата ги врши следните работи :

-Ја застапува и претставува Асоцијацијата;

-Донесува и реализира годишна програма за работата на Асоцијацијата;

-Предлага измени и доплнувања на Статутот на Асоцијацијата;

-Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;

-Ги спроведува статутарните и програмски задачи на Асоцијацијата, како и одлуките и заклучоците на Собранието;

-Превзема разни активности со помош на кои се остваруваат целите и дејноста на Асоцијацијата, како и извршува определени задачи и програми од страна на Собранието;

-Одлучува за воспоставување на контакти со државни, владини и невладини органи и организации во земјата и странство;

-Свикува седници на  Собранието и припрема материјали за тековните активности на Асоцијацијата;

-Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени комисии и ја насочува нивната работа;

-Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации на Асоцијацијата;

-Подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;

-Врши други работи.

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Член 31**

-Управниот одбор е извршен орган од пет членови на Собранието на Асоцијацијата кој управува со Асоцијацијата помеѓу две собранија. Управниот одбор го сочинуваат 5 члена од кои по функција и Претседателот на асоцијацијата, кој воедно е и претседател на Управниот одбор;

- Член на Управниот одбор можеда биде секој полноправен член на Асоцијацијата;

-Управниот одбор ја води работата на Асоцијацијата согласно со Законот за психолошка дејност и закон за психотераписка дејност и Статутот  на Асоцијацијата;

-Управниот одбор ги врши следните работи:

- Ги извршува одлуките на Собранието на Асоцијацијата;

- Подготвува и предлага акти што ги донесува Асоцијацијата;

- Предлага на Собранието членови за постојани секции, комисии, работни групи и други тела на Асоцијацијата и ја координира работата на овие секции, органи и тела;

- Предлага на Собранието кандидат за избор и разрешување на претседател на асоцијацијата.

- Донесува одлуки за користење на средствата согласно финансовиот план на Асоцијацијата;

- Поднесува годишен извештај за работата на УО до Собранието на Асоцијацијата;

- Разгледува и зазема ставови за развој на дејноста на Асоцијацијата што влијаат врз унапредувањето на работењето на асоцијацијата;

- Одлучува за поврзување и соработка на Асоцијацијата со други сродни организации;

- Донесува одлуки за бришење на членови на Асоцијацијата од регистарот согласно овој статут;

- Донесува одлуки за ангажирање на надворешни соработници и даватели на услуги;

- Донесува одлуки во врска со спроведување на одредени проекти и ангажирање на членови од Асоцијацијата;

- Донесува одлука за висина на годишна членарина

- Донесува и други одлуки и врши други работи од неговиот делокруг, утврдени со закон,овој Статут или други акти на Асоцијацијата.

-Во работата на Управниот одбор по потреба учествуваат и претседателите на повремените комисии на Собранието;

-Управниот одбор работи на седници. Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Асоцијацијата.

-Седницата на Управниот одбор може да свика и една половина од вкупниот број членови на Управниот одбор.

-Управниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство на гласови на членовите на одборот.

-Управниот одбор може да донесува одлуки со гласање по пат на електронска пошта.

-За својата работа, Управниот одбор е одговорен пред Собранието на Асоцијацијата.

-Седниците на управниот одбор ќе бидат од отворен тип за полноправните и придружните членови на асоцијацијата

**СЕКРЕТАР**

**Член 32**

Секретарот на Асоцијацијата е одговорен за административното работење на Асоцијацијата.
Секретарот го избираат полноправните членови на Асоцијацијата.

**Член 33**

Секретарот може да биде полноправен или придружен член на Асоцијацијата.

**СОВЕТ НА МУДРОСТА**

**Член 33**

Советот на мудрост го сочинуваат 5 члена избрани од Собранието.

**Член 34**

-Советот на мудрост функционира во склад со пет универзални вредности: љубов, вистина, мир, ненасилство и исправност;

**Член 35**

-Советот на мудрост ќе ја следи целокупната работа на Асоцијацијата и ќе дава предлози во склад со наведените пет универзални вредности;

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Член 36**

-Надзорниот одбор има 3 членови и тоа: претседател, заменик претседател и еден полноправен член кои ги избира Собранието од редот на полноправните членови на Асоцијацијата.

-Надзорниот одбор е одговорен за својата работа пред Собранието и му поднесува извештај најмалку еднаш годишно.

**Член 37**

-Надзорниот одбор врши надзор над:

- Користењето на средствата на Асоцијацијата и материјалното и финансиско работење на Асоцијацијата;

- Остварувањето на правата и извршувањето на обврските на членовите на Асоцијацијата;

- Благајничкото работење на Асоцијацијата;

- Книгите и актите што се однесуваат на материјалната добивка, на имотот на Асоцијацијата и друго;

- Врши и други работи определени со овој Статут или што ќе му ги довери Собранието.

**Член 38**

Предлогот за изменување и дополнување на Статутот на Асоцијацијата го поднесува Управниот одбор.

По предлогот за изменување и дополнување на Статутот се организира јавна расправа. Начинот на водењето и времетраењето на расправата ги утврдува Управниот одбор.

**VIII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА**

**Член 39**

Средствата за работа на асоцијацијата се обезбедуваат преку членарини што ги плаќаат нејзините членови, од надоместок за услуги што ги врши Асоцијацијата, од подароци, завештанија и од други извори.

Висината на членарината како и начинот и роковите за нејзиното плаќање ги утврдуваат Собранието на Асоцијацијата.

Асоцијацијата не врши стопанска дејност.

**Член 40**

За извршувањето на определени задачи на Асоцијацијата што не се финансираат од членарината, односно за финансирање на посебни активности заинтересираните членови може да здружуваат средства и да основаат фондови со посебна намена.

## IX. СОРАБОТКА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА СО ДРУГИ АСОЦИЈАЦИИ, ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ

**Член 41**

Асоцијацијата соработува со Комората на психолози на СРМ, државните органи, другите Комори и други здруженија за работи од заеднички интерес.

**Член 42**

Асоцијацијата соработува со комори на психолози и комори на психотерапевти на други држави и со други меѓудржавни организации и здруженија од областа на психологијата и сродните дејности.

Соработката од став 1 на овој член се остварува со непосредни контакти, размена на информации, публикации и други извори, со организирање на советување, јавни трибини, со деловно поврзување и со други форми.

## X. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 43**

Асоцијацијата обезбедува јавност во своето работење преку:

- Јавност на седниците на органите на Асоцијацијата, освен кога е тоа определено со Статутот на Асоцијацијата;

- Информирање на јавноста и членовите на Асоцијацијата за својата работа;

- Соработка со средствата за јавно информирање и со други средства за информирање.

**Член 44**

Асоцијацијата може да издава свое гласило и на тој начин да обезбеди навремено информирање на своите членови и поширoката јавност, за своите одлуки, ставови, предлози и мислења усвоени на седниците на органите и телата.

**Член 45**

Претседателот на Асоцијацијата и од него овластени лица можат да даваат податоци и информации во врска со работата на Асоцијацијата и нејзините органи и се одговорни за нивната вистинитост и точност.

Лицата од претходниот став не смеат да даваат податоци и информации од работата на Асоцијацијата кои претставуваат деловна тајна или со кои би биле нарушени интересите или угледот на членовите на Асоцијацијата.

## ПРЕСТАНОК НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 46**

Асоцијацијата ќе престане со работа ако за тоа одлучи Собранието на Асоцијацијата и ако настапат причини утврдени со закон.

Асоцијацијата престанува да постои и доколку Собранието донесе одлука за присоединување кон друга организација, спојување со друга организација или при друга статусна промена која предвидува престанок на Асоцијацијата или при трансформација.

Одлуката за престанок на Асоцијацијата на начин определен во ставот 1 од овој член ја донесува Собранието со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.

**Член 47**

Други случаи на престанок на асоцијацијата согласно законските прописи :

- Донесена одлука на надлежен Суд
- Стечај
- Ликвидација

**Член 48**

По престанок на работата на Асоцијацијата, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирување на обврските, преминуваат во сопственост на друго здружение, асоцијација или комора со иста или слична активност.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 49**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Асоцијацијата.

**Член 50**

Измени и дополнувања на овој Статут се врши по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 51**

Овој Статут влегува во сила на денот на неговото донесување а ќе се применува од денот на уписот во регистарот на други правни лица при Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

Скопје, 03.05.2022 год.

Основачи:

Дора Попова Узуновски________________________

Јове Хаџиевски ________________________

Благоја Лекоски ________________________

Маја Керамитчиева ________________________

Емилија Тодороска__________________________

Филип Георгиевски________________________________

Нина Блажеска_____________________________